Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-812/2 од 07.02.2014 година, на 07-та седница одржана на 07.02.2014 година, усвои:

**МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА МОНИТОРИНГ НА ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ ПРЕКУ РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНИ ПРОЦЕСИ бр.01-564/1 од 28.01.2014 година**

1. Во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-564/1 од 28.01.2014 година, во делот Дневно – информативни емисии (вести, дневници), Принципите за баланс: пропорционалност и еднаквост, ставот 1 на точка 4, се дополнува со додавање фуснота која гласи:

„Се однесува на: МРТ 1 (Дневник во 10 часот, Дневник 1 во 17 часот, Дневник 2 во 19:30 часот и Дневник 3 во 23 часот); МРТ2 (Вести во 12 часот, Дневник 1 во 18:30 часот и Дневник 2 во 22 часот); Македонско радио – прв програмски сервис (Утрински весник во 7 часот, Пладневен радио весник во 15:30 часот и Радио 22 во 22 часот); Македонско радио – трет програмски сервис (Радио дневник во 16 часот, Радио дневник во 21 часот)".

2. Во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-564/1 од 28.01.2014 година, во делот Дневно – информативни емисии (вести, дневници), Принципите за баланс: пропорционалност и еднаквост, во точката 4, ставот 3 се менува и гласи:

"Имајќи предвид дека:

- Член 76-а ставови 2 и 3 од Изборниот законик не предвидува време во дневно-информативните емисии на Јавниот радиодифузен сервис за покривање на изборните активности на кандидатите на група избирачи и кандидатите на партиите кои не учествувале на последните парламентарни избори;

- Одредбата не прави разлика меѓу функциите и спецификите на програмските сервиси на МРТ, односно пропишува МРТ на сите сервиси да обезбеди избалансирана поделба на времето, така што една третина од вестите ќе издвои за дневните настани од земјата и светот, една третина за кампањите на партиите на власта и една третина за кампањите на партиите од опозицијата, при што внатре во третините, времето ќе го распореди според бројот на пратенички места што го има освоено секоја од партиите на претходните парламентарни избори;

- Позицијата и обврските на Јавниот радиодифузен сервис во општеството, кои се јасно утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а произлегуваат и од Изборниот законик, претпоставуваат тој да се придржува до начелото за политичка

избалансираност и плурализам на гледишта, односно да обезбеди информации за целината на изборниот процес и за сите учесници во изборната кампања;

По консултации со заинтересираните субјекти на Јавниот радиодифузен сервис му се препорачува:

1. Во секое издание на вестите на Јавниот радиодифузен сервис, да обезбеди дополнителни 5 минути за покривање на изборните активности на кандидатите што не ги опфаќа член 76-а ставови 2 и 3 од Изборниот законик, односно кандидатите на група избирачи и кандидатите на партиите кои не учествувале на последните парламентарни избори;

2. Да обезбеди рамномерна поделба на времето меѓу кандидатите, а доколку има само еден кандидат, за него да одвои не повеќе од една третина од овие 5 минути, односно 1 минута и 40 секунди; и

3. Во вестите на радио и телевизиските програмски сервиси наменети за негување на културниот идентитет на немнозинските заедници што живеат во Република Македонија, времето во третините наменето за кампањите на партиите на власта и на партиите од опозицијата да го распредели инверзно во однос на распределбата на времето во вестите на првиот телевизиски програмски сервис на МРТ и на првиот радио програмски сервис на Македонско радио."

Постојниот став 4 станува став 5.

3. Сите останати одредби на Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-564/1 од 28.01.2014 година, остануваат неизменети.

**Бр.** 01-564/2

07.02. **2014 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**